БИЛТЕН Бр. 3

# 42

# МАКЕДОНСКИ ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ
# “ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ”
# П Р И Л Е П

06.06.2007







***Кога се отвораат прашања за новата естетика, треба да има повеќе разговори. Фестивалот треба да се претвори во лабораторија, тука проблемите треба да се разгледуваат и самите театри ќе вратат на тоа искуство. Треба да има различно мислење. Така ќе се оди напред.***

***Мирослава Кортенска***

*МИРОСЛАВА КОРТЕНСКА, театролог од Бугарија*

# МАКЕДОНСКИОТ ТЕАТАР ОДАМНА ДРУГАРУВА СО ЕВРОПСКИОТ ВРВ

По трет пат сум на фестивалот "Војдан Чернодрински". Сите впечатоци ги опишав во мојата нова книга. Многу ме интересираат македонскиот театар и драматрургијата, бидејќи тоа е многу жива култура, блиска до бугарската. Во нив гледам многу работи кои и ние ги бараме во Бугарија. Тука веќе сé реализираат.

Оваа година најголемиот квалитет на фестивалот е што тој покажува богатство, едно многујазичност на театарските претстави. Тетарскиот јазик не се покажува во период од еден век, да речам реалистичен театар, или пост-модерен театар, туку има претстави кои се правени врз различна естетички и според мене тоа е најголемиот плус на аселекторот Петар Темелковски. Дава можност за дијалог меѓу различните начини на правење современ театар. Тоа е многу добро за публиката, која го гледа тоа разнообразие и богатство и за самиот народ кој гледа со што се занимаваат актерите. Друго што ми остави впечаток е тоа што македонскиот веќе станува театар кој има самостојни, модерни истражувања кои не се пренесени од надвор, туку одделни творци се занимаваат со тоа. Таква е претставата "Тартиф" која е обликувана со една современа естетика. Овој фестивал е многу поразличен од претходните. Сакам да кажам дека тука порано имаше голема застапеност пред се на современата македонска драма, на проблемите на современието и го правеше фестивалот многу актуелен. Сега сметам дека преминувате во насока на естетски истражувања. Многу позрело и посериозно. Можеби треба да се најде некаов естетски баланс меѓу современата проблематика и естетските барања. Можеби овој фестивал ќе биде таков во иднина кога истражувањата на одделни, веќе зрели македонски творци, ќе имаат големо значење за да можат да бидат покажани, видени и одбележани. Второ, што е многу силно на "Војдан Чернодрински", се големите македонски актери. Тука има и многу млади и актери од средната генерација како што е на пример Јолевски кој го играше Тартиф. Тој е актер од европска големина, исклучително интересен, со сложена актерска техника. Јолевски може да биде чест за европската сцена. Освен тоа, имате и млади актери образувани во Македонија, многу талентирани кои допрва ќе блеснат на сцените. И во "Тартиф" двете млади актерки беа многу впечатливи. Воопшто, театарот ви е богат со многу авторски таленти кои не се среќаваат често. И Во Бугарија имаме многу талентирани актери тоа е карактеристично за нашиот регион.

Еден актер треба да остане во театарот и да не замине во телевизијата, да прави реклами, туку да работи во театарот и од тоа да живее. Кај нас има многу начини преку кои актерите земаат дополнителни средства да обезбедува во различни театри.

Сметам дека во Македонија има пари за културата, имате сериозен буџет. Тој буџет треба да биде добро распределен и потоа да има контрола: да



се види од проектите кои биле помогнати и финансирани, кој навистина бил успешен. Не е едноставно да се даваат пари по проекти без да се направи преглед кој може да направи успешен програм. Само една таква оценка на проектот меѓу финансирањето и резултатот: колку народ ја гледал претставата, што вели критиката, се мерилата кои во Бугарија се користат за тоа колку пари ќе добие еден проект од Министерството за култура. За секој проект се прави отчет кој ја вклучува и уметничката страна. Ние, на пример, сакаме во Бугарија да ја поканиме претставата "Тартиф". Многу е важно колку еден проект е успешен и колку еден менаџер направил добар проект. Пари има, но треба да се распределат на интересни проекти и на добри менаџери кои може да направат од еден проект манифестација. Не е цел да се направи претстава која ќе се игра 10 пати, туку претстава која ќе оди на фестивал. Тоа е оној сегмент од културата кој не е материјален. Затоа културата се финансира за да може да ја придвижи естетиката.

Пред три години на овој фестивал се играа домашни пиеси. Фестивалот беше актуелен. Сега гледам дека нема ваши современи текстови што е една од задачите на фестивалот. Во Бугарија има прост систем - секој проект во кој има нов бугарски текст има предност во финансирањето. Самите режисери се принудени да прават современи текстови. Освен тоа, секој национален фестивал продуцира една добра пиеса. Современиот текст треба да биде стимулиран. И во Бугарија е тоа проблем. И ние направивме многу анализи и сега почнуваме да работиме по такви програми зошто еден национален театар не може без национална драматургија. Театарот копнее, ги преживува проблемите на денешницата. Што се однесува до новиот, современ театар, веќе имате многу интересни, модерни спектакли и споед мене тоа е најголемото достигнување на годинешниот Фестивал. Тој покажува многу различни естетики - пост-модерни и модерни. Веќе се оди, сосема смело, кон формирање на еден македонски облик на модерен театар. Дали е тоа на незадоволително ниво, или дали тоа и се допаѓа на публиката, е друг прблем. Самата публика треба да навикне да реагира и да го прима тој нов јазик на театарот. Фестивалот е месо каде треба да се прават тие чекори. Јас имам одавде многу студенти кои учеа во Бугарија. Како на пример Софија Ристеска. Таа доби награда на студенстки фестивал за апсурдна пиеса направена на еден исклучителен начин. Македоснкиот театар е многу променет, тој има проблеми со својот развој, но развојот е во позитивна насока.

И балканскиот театар е многу интересен, различен, поемоционален, поавтентичен и преминува кон модерното. Можеби има кризи, проблеми, но тие насоки се видливи. Ја поддржувам оваа селекција и тоа лице на Фестивалот.

Претставата "Четвртата сестра" на прилепскиот театар ми остави силен впечаток. Сум гледала и други претстави на прилепскиот театар ("Полковникот птица"), ги познавам актерите К.Ристоски и М. Таневска. Ме привлекува темата за новиот македонски театар која не мора да биде апстрактна, но да има ликови. Сметам дека еден од претставниците на новиот македонски театар е режисерот на оваа претстава, Кирил Петрески. Зошто? Поради умешноста на овој млад режисер една ваква силна драматургија на Гловацки, многу современа, да ја направи интригантна за публиката. Многу битно е таа, публиката, да се разбранува што тоа му успеа на Петрески. А врската на сцената со публиката е најважниот елемент во современиот театар. Кај Петрески има развиена, танка и деликатна реалистична школа но и гротеска, особено во вториот дел од претставата.

# П Р О М О Ц И И

Културниот центар “Скрб и утеха” на театарската публика и понуди нови изданија на театарски преводи, издадени од едицијата "Лицеум".

Тетарските преводи ги претстави Игор Стојановски кој рече дека по подолга пауза театарот "Скрб и утеха" доаѓа на Фестивалот "Војдан Чернодрински".

- Театарот"Скрб и утеха" има мисија, цел да му го врати на театарот она суштинско својство "светоста". Оваа едиција почна да зборува за македонските запретани и затскриени вистини и во рамките на она што се нарекува надоврзување на театарот и театарската дејност, се обиде тие вистини да ги бара не само кај себе туку и кај другите, бидејќи многу често можете да слушнете дека оние однадвор знаат многу повеќе за нас, отколку самите за себе. Така започнавме со преведувачка дејност. Првата книга беше книгата на Питер Брук со доста симболичен наслов" Не постојат тајни", бидејќи се обидовме преку преводите дел од тие тајни што зборуваат за нас, а коишто се знаат надвор од Македонија, да ги вратиме повторно во матичната држава. Ова книга е мала по обем, но доста содржајна. Втората книга беше преводот од Мист Разберг. Тој е човекот кој како што тврдат многумина го научил Холивуд да глуми. Тој произведе генерации на брилијантни актери. Тој трагаше по она што се нарекува мистерија во актерството во театарот и во уметноста. Имено како да се најде патот до можноста од настап во настап од вечер во вечер, секогаш кога уметникот, актерот ќе излезе на штиците да настапи, со истата енергија со која треба да настапи,а да публиката не остане настрана. Третата книга беше превод на книгата "На актерство" на еден од најдобрите актери на англиското говорно подрачје Лоренс Оливие, кој живеел за театарот и малку е познато дека овој човек сите големи пари кои ги заработувал ги вложувал во сопствената театарска продукција, обидувајќи се да создаде традиција. Овој човек го направи Шекспир. Следната книга беше преводот на книга повторно од Питер Брук"Точка на пресврт", со кој продолживме затоа што во книгата се зборува за 40 години за театарското истражување. Суштината на театарот е врзана за еден збор “интерес”. Вие можете да имате средства, техника, да направите се и сешто но доколку театарот го изгуби суштинското - интересот на публиката и на тие тоа што го работат се губи сета суштина. Завршивме со преводот на книгата “Животот на театарот” од Џулијан Бек кој е вистинска легенда и кој покажа дека театарот не е само уметност туку нешто повеќе од тоа. Преку театарот тој се обиде да го направи она заради кое постои театарот: да го подобри животот на луѓето и да ги подобри самите луѓе. Се надеваме дека наскоро ќе преведеме и други автори, но за жал годинава не успеа да помине преводот на Вилијам Репалд, иако беше предложен насловот “Писма на еден актер”. Се надеваме дека со овие преводи ја збогативме преведувачката македонска библиотека.

Културниот центар “Скрб и утеха” ги претстави и изданијата кои настанале практично со гостувањето на театарот во странство а Тихомир Стојановски настапи со извадок од “Бакни ме Чернодрински”' од ликот на Војдан.

* * *

**“Страв и срам”** од Душан Ристевски од Австралија ја промовираше: Трајче Кацаров кој рече дека ракописот на Ристевски бил дел од заедничките залагања за задоволување на потребите на македонската заедница во регионот Св. Георге во Австралија. Авторот Душан Ристевски, вработен како ментално здравствен советник во Одделот за ментално здравје имал работено на повеќе успешни проекти наменети за потребите на македонската заедница.

ТРАЈЧЕ КАЦАРОВ, осврнувајќи се врз делото додаде:

- Авторот на пиесата “Страв и срам” уште од самиот почеток ни кажува дека нема да им сврти грб на болестите, ниту на она што е деформирано. Тој како читатели не упатува во своето знаење за умот и телото човеково, т.е. на она што е внатре и однадвор. Приказната што ни ја подава авторот во драмска форма е содржина која ја наоѓаме во речиси сите книжевни родови, како и публицистички и научни трудови.

Ликовите во делото се групираат на едни кои припаѓаат на групата што сметаат дека сите решенија на надворешниот свет треба да си ги бара кај себе и на други кои се поклоници на девизата дека надворешното почива од внатрешното… Приказната има среќен крај. Злото можеби навидум, ама сепак е победено…





**Играат:**
Горан Илиќ, Јасмина Василева, Драгиша Димитријевски - Шипе, Александра Пешевска, Љупчо Хаџи Стојанов, Кети Дончевска-Илиќ, Сашко Коцев

**Г л е д а в м е :**

НТ - Куманово

**"Обиди"** (според Мартин Кримп)

Режија: Роберт Симоновски

Сценографија:

Далибор Тренчевски

Костимографија: Мери Јован

Музика: Милан Димушевски

Кореографија:

Александра Пешевска

**Одблиску за претставата:**

РОБЕРТ СИМОНОВСКИ, режисер: Инспирацијата беше долгогодишното седење во театар и гледање на луѓето како остануваат, седат и живеат од театар.Сепак дејството е внатре во театар, а луѓето живеат и после откако ќе си заминат од проба. Односно инспирацијата беше движење на театарскиот живот. Идејата да бидат портретите на подот во влезот на театарскиот салон беше на сценографот. Се договоривме дека тоа е дел од претставата. Односно ако на сцената не газите - газете не веднаш!

**Актерите за претставата:**

ЈАСМИНА ВАСИЛЕВА, актер: Ликот е многу општ затоа што се работи за целото општество и нема ништо конкретно. Треба само да се има вистинска емоција и да сакаш да кажеш нешто ти што имаш да кажеш преку текстот. Многу работи не се добри во театарот, против многу работи се бориме и сакаме некако да издејствуваме нешто да се смени токму како во текстот. Ана може да го промени светот, само веќе некако борбата со уметност во една точка претстанува и треба да се бараат други средства. Веројано луѓето против кои се бориме немаат уметност во себе и уметноста за жал не може да ги победи.

ДРАГИША ДИМИТРИЈЕВСКИ - ШИПЕ, актер: Претставата е таква каква што е и мислам дека прилепската публика има секогаш чувство за претстави кои се еден експеримент, еден обид. Така и претставата се вика "Обид", обид за едно ново видување, гледање на театарот кое не значи "не" на оние класични форми. Учеството на повозрасните во оваа претстава е она чудното. Многу сум задоволен и од улогата и од концепцијата на претставата и ми беше мило да соработувам со еден млад надежен режисер.

КЕТИ ДОНЧЕВСКА ИЛИЌ, актер: Ние сеуште се обидуваме да ја најдеме Ана, процесот не е завршен дефинитивно барем за нас актерите, бидејќи во претставата претставува процес, а може да биде и животен процес. Не знам дали таа потрага воопшто ќе заврши. Ние сеуште ќе се обидуваме да ја најдеме, нешто кое би било блиску до совршенство. А кога би престанале да ја бараме, односно да престанеме се бараме себеси, не би наоѓале мотив за творештво.

ЉУПЧО - ХАЏИ - СТОЈАНОВ, актер: Овде има многу обиди и секоја сцена претставува претстава сама за себе. Просто можеби изгледа едноставно, но нашево истражување на целата тема, барајќи ја Ана, сцена во сцена, чекор по чекор беше многу, многу тешко, но големо задоволство.

**Публиката за претставата:**

- Во претставата најмногу ми се допадна сценографијата.
- Најголем впечаток ми остави последната сцена.
- Ми се допадна тоа што и публиката беше дел од претставата. Со тоа претставата е пооригинална и треба тоа почесто да се случува. Добра беше изведбата на актерите.
- Авторот на текстот ни го доловува начинот на живот претставен на еден многу јак и јасен начин. Претставата е за животот на едно општество во кое е се имагинарно и се е затворено во еден свет кој не е розов.
- Претставата беше одлична. Супер актерска игра.
- Добра беше претставата ја претставува жената на денешницава, проституцијата, на кој начин се разочаруваат жените!

**Г л е д а в м е :**

Турски театар - Скопје
**"Зад кулисите"** од Мајкл Фрејн
Режија: Драгана Милошевски - Попова
Превод: Љаље Ерен
Драматург: Катерина Момева
Сценографија: Беди Ибрахим
Костимографија: Тихомир Спировски
Музика: Огнен Атанасовски
Кореографија: Васил Зафирчев
Асистент на кореограф: Снежана Спасовска



**Играат:**
Џенап Самет, Бедиа Беговска, Љуран Ахмети, Филиз Ахмет, Неат Али, Фунда Ибрахим, Мустафа Јашар, Един Јакуповиќ, Несрин Таир.

**Одблиску за претставата:**

ДРАГАНА МИЛОШЕВСКИ - ПОПОВА, режисер: "Зад кулисите" е проект кој заедно со мојата колешка од отсекот Драматургија на ФДУ го направивме со комбинација на многу други текстови, од различни автори, но предлошката ни беше текстот на Фрејн. Тој е податен и се занимава со прашањето што е тоа со што ние сме преокупирани додека подготвуваме една театарска претстава. Со Турскиот театар имав одлична соработка . Тоа е многу добра екипа на актери кои се многу интересни и ми помагнаа во реализацијата на претставата бидејќи не го познавам турскиот јазик. Задоволна сум што со мојата претстава учествував на фестивалот," Војдан Чернодрински"; со оглед на тоа што сум апсолвент на ФДУ отсек режија во класата на Унковски. Ова е моја прва професионална претстава.

**Актерите за претставата:**

МУСТАФА ЈАШАР, актер: Соработката со режисерот беше за мене од особена чест. Иако е дипломец на ФДУ, таа докажа дека е одличен талент и многу сериозен режисер. Имено, публиката секогаш ја интересира какво е театарското живеење од другата страна на сцената. Поаѓајќи од тоа дека гледачот сака да знае што се случува таму, ние се обидовме да ја претставиме таа атмосфера, да ги пренесеме сите моменти што ни се случуваат. Многу сум задоволен од реакцијата на публиката. Прилепската публика е добра. Таква е каква што ја сакаме ние актерите. Секогаш сме имале добар прием кај прилепската публика . Таа знае што е добра претстава и доколку е така, знае да награди.
БЕДИЈА БЕГОВСКА, актер: Човек учи додека е жив. Оваа поговорка важи и за мене. Тоа се случи и со оваа претстава. Иако имам 35 години стаж и сум одиграла многу претстави, сепак, секогаш можеш да научиш нешто ново од младите. Така беше и во оваа претстава. Попова внесе некоја нова свежина во претставата, со нови идеи . Тоа мене ме радува. Попова е во класата на Унковски. Таа беше инспиратор во претставата и не ни "попуваше". Таа ни беше идеална каписла. Претставата е за сé она што се случува зад кулисите. Нашата претстава е многу подобра од филмската верзија. Ние игравме совршено релаксирано, сакајќи на публиката да и пренесиме што нам ни се случува зад сцената.

**Публиката за претставата:**

- Одлична претстава. Добро е што беше обезбеден симултан превод за да можеме да ја разбереме во целост содржината на текстот.
- Добра претстава, добра режија.
- Одлична претстава со компактна игра на актерите на Турскиот театар.
- Видовме претстава која ги содржи сите елементи на добро спакуван театарски производ.



## НА БОГОМИЛ ЃУЗЕЛ

Окото го мерка светот
околу тебе, р‘ти мислата
под високото ти чело,
стих се раѓа на музини
гради.
Светогледот твој е цвеќе
чувствително што не
кани на опул;
Опул врз раката твоја
што врз белото стишно
изредува строфа!
Јадровито, стегната -
чиниш ќе прсне од
строгите метрички
форми!
Натаму:
- Натаму ромори зборот
и создава чудо од
нежност и мисла,
од твојата вечна -
неиспишана песна.
Наново те гледам:
- Застанат пред храмот
на Талија повтуваш да
словиш:
- Јас не дојдов на Светов
поганштии да слушам -
Ниту нем свидетел да сум
на татковиот си гибел!
Овде сум!
Со вас сум!
Спремен за сподел на
оваа сцена: - македонски
живот што се вика.



# РАБОТИЛНИЦА:

## ЛУТЕТЕ СЕ -



- Чернодрински, се враќа дома

## РЕШЕТАСТО ЌОШЕ

На една од трибините го чувме и следниов дијалог:
"Колку што ги гледам глумциве, ми изгледаат се поненаспани!"
"Не знам во што е проблемот? Организаториве на Фестивалот ме убедуваат дека годинава презеле сé. И тоа замисли во "Кристал палас".
"Можеби, ама сепак актериве се ненаспани."
"Ај, мајката, така ли е или не е така, прашањето е сега, та, помислувам дека можеби подобро ќе беше актерите да ги пратеа во Републичкото собрание.
Е…можеа да се наспијат без никој да ги разбуди цели четири години."
"Актерите се творци!"
"Нека се. И пратениците се ќорци, па ништо не им фали."

* * *

Лоша вест проструи деновиве: На Замфирчето му стегнале кривична пријава. Велат дека работата ја поспешила неговата желба за дружење со луѓе од културата. Бил на Црна. Демек, оцениле дека човекот почнал да се дружи со забегани луѓе па побрзале да го соберат пред да се реши и тој да им забега.

* * *

Поминаа три дена и никако не можам да сфатам како ни успеа тоа да се вратиме трезни од камената куќа на Платнар, а обичај ни беше оттаму да се враќаме "камен" пијани, распеани до бесвест. Демек се промениле времињата и веќе уметничкиот живот нема лезет. Што би рекол Аче: уметниците реагираат погрешно. Наместо вино и ракија, се колкаат лекови.

# КОПРИВАРНИК

# И ТОА Е ЗДРАВО



## ФЕСТИВАЛСКИ (Н) АФОРИЗМИ

– НИ СЦЕНАТА НЕ МОЖЕ ДА СОКРИЕ ДЕКА МНОГУМИНА ЗДРАВИ ЛУЃЕ ПАТАТ ОД БОЛНИ АМБИЦИИ!

* * *

– АКТЕРОТ Е КАКО СЕМАФОР: КОГА Е ЦРВЕН ГО МРАЗАТ - КОГА Е ЗЕЛЕН ГО ГАЗАТ!

* * *

– СЕ ПРЕЈДЕ. И ДУВНА НА КОЛЕШКАТА ВО ПРСТОТ, А ТАА ПОЧНА ДА МУ БАРА БУРМА!

* * *

– ОД СЕКОЈ ОРАЧ - СЦЕНСКИ ОРАТОР НЕ БИДУВА!

### *Мисла на Билтенот*

– ТАКВО НИ ТИ БИЛО ПИСАНИЕТО: НЕКОЈ СИ ЈА МОЛЗЕ КРАВАТА, МНОЗИНА ДРЖАВАТА!

## АКТЕРСКИ МАКИ ГОЛЕМИ

Актерот клучот си го има,
а пак си чешка глава:
- што му вреди тоа,
кога нема слава…



**- Газоседалото е слободно**

Во театарот му
нудеа ветувања цел
грст -
подаде рака,
но доби само
среден прст!



## НА ДЕБЕЛОТО ДИМЕ

И кога немоќен беше,
прстот кон правдата ти
остана вперен!
Но, не доби ништо - ниту
Утеха ниту Скрб!
Само поган говор на
очапени усти,
нив за пријатели ги
словиш.
Поверува во нивните
лажни солзи,
а по себе остави
празност;
простор за песјо оро!
Фарса!
Низ шупливи глави
шушка здив на ветар,
Се уште се ширaт
ужасни лаги.
Во нив се губи смислата
на зборот,
Насекаде голи фрази. До
кога?
Ќе induced речеш: и ќе донесеш
суд и датум,
без око да ти трепне.
Таков беше ти -
Дебелото Диме:
човек од еснаф, докажан
естета;
чувствителен деец,
човек со име!



**Играат:**
Музбајдин Ќамили - Мучи, Мендим Муртези, Мирлинда Саити, Вјолца Бектеши - Хамити, Зарије Јонузи, Муса Исуфи, Хисмет Рамадани, Салаетин Билал (гласот).

**Гледавме:**

Албански театар - Скопје
**“Лавиринтите на сеќавањето”**
од Авни Халими
Режија: Куштрим Бектеши
Продуцент: Ромир Јакупи
Сценографија: Љубчо Јованов
Асистент: Срѓан Митровиќ
Костимографија:
Марија Пупучевска
Музика: Марјан Нечак

**Одблиску за претставата:**

КУШТРИМ БЕКТЕШИ, режисер: За вака да се постави на сцена текстот на Авни Халими прво беше потребно добро читање на делото и мислам дека сум успеал во тоа да го прочитам како што треба. Одлична беше соработката со авторот и со целата екипа.Овој резултат дојде по едно долго работење од два месеца без прекин, со напорни проби. Многу ми е мило што на фестивалот се претставивме со оваа претстава зашто ми е првпат да учествувам. Мило ми е што глумците успеаја да ја контролираат својата енергија, имајќи предвид дека емоциите кога се игра на Фестивалот, секогаш се поголеми, од оние на премиерите и на репризите. Задоволен сум од претставата. Нека оценат другите.
Маските ги користев зашто сите случувања се во главата на еден човек. Ова се сеќавања, човекот е во лудница, станува збор за деформиран свет во неговата глава и тоа е негово лично доживување на луѓето. Затоа ние решивме преку маските да ги претставиме луѓето такви какви што тој ги доживеал. Театарот ја дава таа можност.

**Актерите за претставата:**

МУЗБАЈДИН ЌАМИЛИ - МУЧИ, актер: На оваа улога работев подолго време и многу сум горд на тоа. Два месеца со новиот режисер работевме напорно по десет часа дневно. Текстот е напишан пред десет години. Режисерот е многу млад по години, но не и според искуството, многу добар режисер е. Им посакувам на сите актери во Македонија да работат со него. Соработката со режисерот, искрено кажано, е еден добар факултет. Многу комуницира со актерите. Тоа беше една добра работа. Со многу ангажман и дисциплина дојдовме до овој резултат што го виде публиката.
МЕНДИМ МУРТЕЗИ, актер: Градењето на ликот на таткото не беше толку лесно. Играм првпат една ваква нова верзија на тестот, со маски. Тоа е модерна верзија на режисерот. Соработката беше на ниво. Напорно, со часови секој ден работевме. Вечерва имам посебни емоции бидејќи сме на фестивалот "Војдан Чернодрински". Мислам дека го реализиравме тоа што го имавме замислено. Имам уште емоции.

**Публиката за претставата:**

- Досега имам гледано две-три претстави на албанскиот театар и тоа на фестивали. Во оваа претстава се беше концентрирано на главниот лик. Актерот доста добро го одигра тоа. Текстот беше како игра. Не можам целосно да ги изразам впечатоците зашто беше со симултан превод.
- Претставата беше многу интересна. Ми се допадна целата претстава, посебно актерите. Темата е одлично избрана.
- Ми се допадна претставата иако преводот беше малку тивок и напати не го разбирав. Приказната беше малку невообичаена, ми се допадна глумата на актерите.
- Ми се допадна зашто раскажуваше главниот лик и на тоа се надоврза целата приказна.



**Г л е д а в м е :**

НТ "Војдан Чернодрински" - Прилеп
**"Четвртата Сестра"**
од Јануш Гловацки
Режија: Кирил Петрески
Сценограф:Владо Ѓоревски
Костимографија:Благој Мицевски
Музика:Христо Бојаџиев
Превод:Александар Ивановски



**Играат:**
Мими Таневска, Кирил Ристовски, Викторија Степаноска, Јасмина Мицовска-Станкоска, Марија Спиркоска, Зоран Иваноски, Игор Ангелов, Владимир Ѓорѓијоски, Марјан Чакмакоски, Игор Трпчески, Александар Тодески, Милан Секулоски

**Одблиску за претставата:**

КИРИЛ ПЕТРЕСКИ, режисер: Текстот на Јануш Гловацки е еден од најдобрите современи драмски текстови кои се занимаваат со актуелни проблеми на посткомнистичките земји во кои спаѓа и нашата.Прв пат работам со Кирил Ристовски и Мими Таневска и ми беше задоволство да работам и со нив но и со младата актерска екипа, кои се нивни студенти.Овој спој делуваше конструктивно. Двајцата помагаа да се реализира претставата. Задоволен сум од она што беше прикажано и на премиерата и вечерва.

**Актерите за претставата:**

МАРИЈА СПИРКОСКА, актер: Задоволна сум што бев дел од екипата и што имав чест да играм со мојата асистентка Мими Таневска и со мојот професор Кирил Ристоски. Имавме прекрасна атмосфера и во текот на подоготвувањето на претставата, се дружевме, се забавуваме, работевме и излезе овој продукт на престава која и публиката ја прифати.

ВИКТОРИЈА СТЕПАНОВСКА, актер: Трет пат ја игравме оаа претстава, јас влегов во оваа екипа петнаесет дена пред премиерата, но сепак успеав да се вклопам. Интерсно беше да се работи со една екипа со која не сум навиканата да работам , бидејќи дел од нив ми се колеги на факултет, а тука беа и нашите професори кои многу ми помогнаа. Се надевам дека и до публиката допира хуморот кој се проткајува низ целата престава. Возбудливо беше да се игра најмалата сестра во овој текст на Гловацки и мислам дека ја одиграв впечатливо.

**Публиката за претставата:**

- Повеќе ми се допадна премиерата одколку вечерашнава претстава. Мислам дека и екипата тогаш играше со повеќе енергија.
- Претсавата е еден убав микс помеѓу она што значи иронија, трагикомедија, авторот си поигрува со нашиот сон за еден поубав живот на Запад. Но и Гловацки и оаа екипа покажа дека таа самосвест функционира и секој треба да поработи да се разбие таа илузија.
- Концептуално издржана претстава. Актерите се одлични. Ми се допадна сценографијата, костимите се доста интересно направени. Претстава која треба и понатаму да се игра и да се гледа.



**Г л е д а в м е :**

Дипломска престава на студентите на ФДУ во класата на проф Владо Цветаноски Доцент: Мими Таневска
**“МАМЕ МУ ЕБАМ КОЈ ПРВ ПОЧНА”**
или
**“ГОЛЕМА БРЗИНА НА СТОЕЊЕ”**
Од Дејан Дуковски

**Играат :**

Бошко Бозаџиевски, Зорица Стојановска, Софиа Насевска, Зоран Иваноски, Ивица Димитријевиќ, Борче Начев, Марија Спиркоска, Димитар Ѓорѓиевски, Жаклина Петровска, Розета Петковска, Јелена Јованова.

**Одблиску за претставата:**

ВЛАДО ЦВЕТАНОВСКИ - професор: Оваа е една од исклучетилните класи студенти што излегла од Факултетот за драмски уметности. Сите се со посебни индивидуалитети, квалитети и со сензибилитет. Задовлен сум што ја водев оваа класа и од она што вечерва го прикажаа пред прилепската публика. Имајќи ги предвид овие нивни квалитети се надевам дека ќе си го најдат своето место во македонските професионални театри.

МИМИ ТАНЕВСКА - асистент: Со оглед на тоа што претставата е дипломска работа на оваа група студенти и што досега само еднаш беше прикажана, јас сум многу задоволна со она што го прикажаа на сцената. Станува збор за извонредна група студенти, талентирани во секој случај. Задоволна сум и од публиката како ја прифати претставата.

**Актерите за претставата:**

ИВИЦА ДИМИТРИЈЕВИЌ - актер: Задоволен сум од она што вечерва го прикажавме пред прилепската публика. Задоволен сум од преставата што ја подоготвувавме како дипломска кај професорот Владо Цветановски и Мими Таневска, асистент. Беше многу возбудливо, ја игравме со многу енергија и вечерва. Мислам дека успеавме.

ЗОРИЦА СТОЈАНОВСКА - актер: Ова беше наша дипломска претстава. Ја сработивме за кусо време, а мислам дека ја изигравме прекрасно. Прилепската публика тоа го покажа со своите реакции. Ми беше прекрасно вечерва.

**Публиката за претставата:**

- Ова е одлична претстава. Една е од најквалитетните од целокупната програма на Фестивалот. Прекрасна режија со инетерсни моменти и извонредна група на студенти на Факултетот за драмски уметности.
- Интерсно е од режисерки аспект тоа што е споена камерата и видео бимот, така што паралелно имаме двојна визуелност, театраска и филмска. Ова ни овозможи да видима како може да бидат толку моќни и на тетарска и на филмска сцена.
- Одлична класа и прекрасна претстава. Нешто што досесга немаме видено на Фестивалот. Им посакувам многу успех понатаму.

Трибина: **"НОВ МАКЕДОНСКИ ТЕАТАР"**
Модератор: Златко Славенски, режисер

# ЕСТЕТИКА ЗА НОВИОТ МАКЕДОНСКИ ТЕАТАР

Отворајќи ја трибината уметничкиот директор Петре Темелковски рече дека иницијална каписла за поставувањето на оваа дебата му била претставата на Славенски "Розенкранц и Гилдерстерн се мртви" со која започнале новите тенденции во театарот.

- Немаше да ја поставам оваа тема ако новите тенденции се развиваа онака како што доликува. Речиси во секоја претстава, тие што ги гледав годинава, во сите имаше нешто што не доликува.... И во следните најверојатно ќе има. Некаде тоа е декларативно, некаде фактички. Тоа треба да се разграничи за да не се помисли дека тоа е новата тенденција во театарот. Тие работи се добри во нашите реформи кои ќе не водат во евроинтеграциите, а не во театарската уметност, која по тенденција треба да биде поинаква. Она што е започнато, да се осуштестви - рече Темелковски.



За модераторот Златко Славенски, важно е да се разговара на оваа тема со бомбастичен наслов "нов македонски театар."

- Моите размисли се одвиваат во две насоки. Првата е општествена, социлошка а другата е естетска. И бидејќи правиме театар не интересира естетеската. Но како што изминува времето, сфаќаме колку се во врска и едното и другото. Она што се случува со нашето општество е во тесна врска со театарот. Мислам дека сето тоа директно се рефлектираше на театарот. Затоа, едното без другото не може - рече Славенски.

Според Славенски, најважно е: Дали она што се случува во Македонија, прво како продукција, а потоа како реализиацција, е нешто што е во "духот на времето?"

-На македонскиот театар му се случува недостиг од идеја. Не се парите во прашање, ниту просторот за изразување. Недостасува една глобална идеја, едно отцепување на себе си, конзервирање од она што се случува во општеството. Колку повеќе се конзервиравме толку повеќе, според формата, наликуваме на современ театар.. Колку повеќе се одвојуваме од духот на времето, толку повеќе сакаме да го емитираме. Глобализацијата , овој казан на "топење" култури и цивилизации што се случува, делува преамбициозно да го анализираме. Но, токму затоа е казан и глобализација. Сето тоа се случува во пустината Гоби, до Прилеп и Париз - рече Славенски.

-А кое е нашето цивилизациско место? Ова прашање не сме се обиделе да го одговориме во нашите претстави. Театарот е граѓански облик на институција. Прашањето го поставувам и немам одговор! Но, исто така, која е градбата на театарот за ова време? Кои се творбата и суштината на театарот? Како да и се обраќаме на публиката која гледа се и сешто на интернет, на публиката која е отруена од медиуми и која имитира некој сон со различен континуитет? Која е формата на овој театар сега, научно речено, на кој начин да се направат претставите? Оваа тема е за средствата, драматиката и речениците кои ќе ги употребиме, заедно со јазикот на кој ќе и се обратиме на публиката. Живееме во популистичко време. Агресивно, кое многу бара. Како естетиката на овие човечки прашања да допре до публиката? Јас мислам дека се имаме одвоено малку од театарот и дека нема публика која не сака да гледа добра претстава. Луѓето сакат да гледаат претстава , да слушнат нешто за себе и за својата егзистенција. Мојата теза е дека нашиот тетар живее во минато време. Не поради желбата на луѓето кои работат на претставите, не поради тоа дека нема добри претстави, туку затоа што во оваа криза на вредности се обидуваме да генерираме друго време, она во кое сме биле среќни. Тоа време е минато. Ова, наше време треба да го артикулираме - рече Славенски.

ЈАНЕ СПАСИЌ, студент на режија на ФДУ - Треба да се следи индивидуалноста и секој да се пронајде во неа: режисерот, театарскиот тим и публиката.

ТРАЈЧЕ КАЦАРОВ, театролог: - Јас сум заговорник на тезата која зборува, а тоа е театарска релност, и е апсолвирана, дека во театарот има само едно време. Ако кажеме дека театарот нема минато и иднина, тогаш останува одредницата секогашност. Секогашноста во театарот е секогаш нова. Нов македонски театар значи: театарот сега. Таа ситуација не наведува да зборуваме за елементите што го чинат театарскиот израз. Секогаш кога зборуваме за театарот треба да зборуваме за театарот сега и да зборуваме за формата и суштината. Тоа се: реасценските раритети, организацијата, а тоа влегува во процес на работа на една претстава и изнедрувањто театарски израз. Кога зборуваме за новото во театарот тогаш зборуваме за сите елементи и раритети. Театарот ги обединува сите чинители. Моментот на избор е многу важен каде да биде театарот. Во времето на Молер беше спалната, на Брехт меѓу машините.. А сега? Театарот не треба да биде насочен кон кабелската телевизија или во друга куќа. Театарот треба да биде на местото каде што е, да го воспримеаме на сцената или во онаа магична кутија или простор кој е замислен за театар. Секоја нова, можеби неанахрона состојба раѓа можности за невоспоставување контакт со рецепиентот, неизвршување на неговата мисија или се она што значи органзирање на театарскиот момент.

БРАТИСЛАВ ДИМИТРОВ - драмски автор: - Најкратка и најточна дефиниција за уметноста е дека тоа е упад во уметноста. Тоа значи дека не само ние, туку и секој друг, не може да знае каков треба да биде театарот. Но, можеме и мораме да знаеме каков не треба да биде македонскиот театар. Има три генерални заблуди. Првата е вештачката кавга, фингираната војна меѓу уметничкото и комерцијалното. Тоа е наметнатата војна. Безмислен спор на кој се губи енергија. Втората заблуда која трае долго е дека новите млади режисери мислат дека се јавува уметничкото кога ќе ја растурат приказната. Тоа прави големи штети. 21 век е пропаст на сите вредности. Ние сме жртви на "уметничарењето". Нам ни треба конструкција и во естетска и во етичка смисла.

БРАНКО СТАВРЕВ, режисер: - Ова време нема одговорено на прашањето на устројството на институцијата театар. Многу театри во земјава беа осипани со кадар и не беа пополнувани. Сега имаме ситуација кога дел од кадрите работат проекти, а не претстави. Токму во тие проекти недостасува група актери кои порано биле дел од тој театар. Затоа македонскиот театар треба да се усогласи со ова ново устројство. Друго е прашањето ако на чело на тој театар или институција не се луѓе кои го разбираат новиот концепт. Тој проект нема да се реализира.

ГАБРИЕЛА СТОЈАНОВСКА - СТАНОЕВСКА, писател: - Новиот македонски театар треба да оди кон тоа што повеќе да го вклучи гледачот, да го стимулира за да комуницира со претставата. Од друга страна, зборувам како гледач, чувствувам заситеност што македонскиот театар 50 години се занимава со национална тематика. Новиот македонски театар треба да понуди нови прашања со цел да се види индивидуата, но и да го третира прашањето на заедничкото со светскиот човек.

ДРАГАНА ЛУКАН, студент на ФДУ: - Сите што се занимаваме со театар сакаме со него да пренесеме некоја порака. Некои режисери користејќи современи форми имаат проблем со пренесувањето токму на таа порака. Новите форми во театарот се оправдани, меѓутоа режисерот треба да внимава пораката и приказната да бидат јасни и да дојдат до гледачот. Гледаме некои претстави кои внесуваат нови форми, но гледачот не може да ја следи и да ја стигне приказната.
Сите форми и начини на пренесување на пораката се во ред се додека не се комплицира пренесувањето на пораката и не му ја земаат примарната цел за пренесување на таа приказна.



***Од кабинетот на Министерот за транспорт и врски Миле Јанакиески, денес до Директорот на Фестивалот "В. Чернодрински" пристигна следнава благодарност:***

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**
***Кабинет на Министер***

Ваш број:
Наш број: 02-Cu
05. 06. 2007

**До:** Г-дин Петар Темелковски, Уметнички директор
Македонски театарски фестивал "Војдан Чернодрински", Прилеп
Дом на културата "Марко Цепенков", 75000 Прилеп

**Предмет:** Одговор на покана

**Дата:** 04.06.2007 година

Почитуван г-дин Темелковски,

Дозволете ми да Ви честитам за организацијата на 42-от Македонски театарски фестивал "Војдан Чернодрински", како и да Ви се заблагодарам на поканата за присуство на свеченото отварање на фестивалот, што се одржа на 1-ви Јуни 2007 година, во Домот на културата "Марко Цепенков" во Прилеп, воедно Ве известувам дека истата со задоволство ја прифатив.

Се надевам на успешна соработка со Вас во иднина.

Со почит,

Министер за транспорт и врски
на Република Македонија
Миле Јанакиески

*Улица "Црвена скопска општина "број 4, 1000 Скопје, http://www.mtc.gov.mk , info@mtc.gov.mk*
*телефон :+389 (0)2 3123 292, факс: +389 (0)2 3126 228*

## *Ќе гледате:*

### Среда:

*ЦК "Марко Цепенков" - 20.00 часот*
Драмски театар - Скопје
**"Македонски рулет"**
Режија: Сашо Миленковски

*НТ "Војдан Чернодрински"-23.00 часот*
Испит по актерска игра - трет семестар на ФДУ во класата на Проф: Владимир Милчин и доцент: Сузана Киранџиска
**"Чеховски фрагменти"**

### Четврток:

*ЦК "Марко Цепенков" - 20.00 часот*
Доделување на наградите и свечено затворање на Фестивалот
**"ГЛУМЦИТЕ ПЕАТ"**

Билтен на 42 МТФ „ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ" - Прилеп
За издавачот: Петар Темелковски
Уредува - Редакција: Слободан Рошкоски, Елизабета Митреска, Каролина Мицевска, Светлана Ристеска, Златка Пурковиќ
Фотографии: Светлана Ристеска и Каролина Мицевска
Илустрации: В. Костов
Печати: „ТИРЕКС" - Прилеп

Македонски театарски фестивал
**„ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ" - ПРИЛЕП**
Дом на културата „Марко Цепенков"
7500 Прилеп
тел.: 048/401-630 или 425-520
факс: 048/401-631
E-mail: mtf_vc@mt.net.mk
www.mtf.com.mk

## *ЛИЧНА КАРТА НА ФЕСТИВАЛОТ*

## 42 МАКЕДОНСКИ ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ „ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ" – ПРИЛЕП

***Покровители:***
***Министерство за култура на Република Македонија***
***Собрание на Општина Прилеп***

**Собрание на МТФ:**
Бранко Ѓорчев - Драмски театар,
Горан Илиќ - НТ Куманово,
Драган Маџиров - НТ Струмица,
Јордан Витанов - НТ Велес,
Кирил Ристоски - ФДУ,
Љубомир Чадиковски - Театар за деца и млади
Наџи Шабан - Турски театар Скопје
Осман Ахмети - Албански театар Скопје
Сашо Огненовски - НТ Битола
Сенко Велинов - МНТ
Тони Чатлески - НТ Прилеп
Трајче Кацаров - НТ Штип

**Извршен одбор на МТФ:**
Сенко Велинов - претседател
Бранко Ѓорчев - член
Горан Илиќ - член
Осман Ахмети - член
Сашо Огненовски - член

**Уметнички директор:**
Петар Темелковски

**Жири комисија:**
Блаже Миневски - драмски писател,
Бранко Ставрев - режисер,
Елхаме Биљали - актер

**Секретар на МТФ:**
Стојан Дамчески

**Технички секретар:**
Љупчо Тодоровски